МАКЕДОНИЈА

*Датум: 16.09.2015, 16:10*

Ми се допаѓа 52

АВТОМОБИЛИ И МОТОРИ НА АЛТЕРНАТИВЕН ПОГОН

# ЕЛЕКТРИЧНИТЕ ВОЗИЛА ПОМИНУВААТ КИЛОМЕТАР ЗА САМО ТРИ ДЕНАРИ




За само една година електричните автомобили се веќе достапни во македонските автосалони, а изминативе месеци се направени и првите трансформации од класични во електрични возила. Според невладината организација „Електромобилност - Македонија“, која втора година организира конференции за електрични возила во земјава, ова е значителен напредок, пред с`, поради тоа што Македонија не се вбројува меѓу најразвиените, а добро е познато оти со македонскиот стандард не секој може да си дозволи да користи вакво возило. Најважно е што граѓаните стануваат свесни за огромната исплатливост ако возат на струја наместо на бензин, нафта или на гас, а за заштитата на околината од загадувањето и да не зборуваме. Според организацијата, најважната улога во постигнувањето на напредокот ја одиграле медиумите изминатите 365 дена оти успеале да им ги доближат електричните возила на македонските граѓани. Сепак, велат далеку сме од европските земји каде што овие возила практично стануваат начин на живеење. Неопходни се конкретни, системски решенија, со кои овие возила ќе бидат многу по достапни.



- За жал, некои поголеми системски промени не се случија досега во насока да ги доближат ваквите возила до граѓаните. Спроведуваме конкретни иницијативи до државните институции и локалните власти за да ги стимулираат граѓаните и правните субјекти полесно да дојдат до ваквите зелени возила. Позитивен фидбек веќе од некои има, што значи приказната за користа од електромобилност во Македонија почна - вели Оливер Велковски, член на организацијата.

Годинешната конференција почнува на 18 септември, в петок, во просториите на Машинскиот факултет во Скопје. Годинава првпат ќе има своевиден изложбен дел т.н. ЕКСПО за електрични возила, на кое ќе бидат достапни разни делови, како и самите возила.

**Едно возило чини 26.000 евра**

Во моментот во Македонија има 5 електрични автомобили купени од една поголема банка и има четири конвертирани автомобили од класични во електрични. Градот Скопје веќе информира дека набавиле 5 електрични скутери за потребите на својата администрација.

Колку чини еден електричен автомобил и може ли човек со просечни примања да си дозволи вакво возило?

- Како и кај класичните возила, и тука има класи на возила и нивна опременост, па со тоа и цените се различни. Оние што моментално се продаваат во салоните во Македонија се движат околу 26.000 евра, што можеби претставува почетна голема инвестиција, но ако ги земете предвид цената на изминат километар, околу 35 денари на 100 километри, и значително помалите трошоци во одржување на возилото споредбено со класичното, може да се заклучи дека и не е толку голема разликата во цените. За разлика од возилата, електричните скутери, пак, може да си ги дозволи секој просечен граѓанин - објаснува Велковски.

**Хрватска и Словенија балкански лидери**

Лидери на Балканот се Хрватска и Словенија. Хрватската влада лани, за да ги стимулира своите граѓани да купуваат електрични возила, им нудела кофинансирање, по што продажбата нагло пораснала, па поради позитивниот ефект, владиното субвенционирање продолжило и годинава.

НАЈНОВИ ВЕСТИ


Основен суд Скопје 1: Притвор за уште едно лице учесник во нередите во Собранието


В четврток шесто, најобемно издание на „Скопје креатива“


Предвремени избори се најбрз начин за излез од кризата


Ме молеа јас да бидам на чело на оперативниот штаб


Изборите се признаени од секого и секаде, да се формира Влада

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

facebook
Dnevnik / Дневник
60,851 likes
Like Page Share

НАЈКОМЕНТИРАНО НАЈЧИТАНО ПРИЈАТЕЛИ

- Она за што се залагаме е државата да субвенционира одреден износ на електричните и хибридни возила, бесплатни патарини, бесплатни паркинзи, намалени трошоци при увоз и регистрација. Само на ваков начин возилата ќе бидат подостижни за македонскиот граѓанин - порачува Велковски.

**Искра Коровешовска**

#

Препорачај 52 луѓе го препорачуваат ова.

## ОСТАНАТИ ВЕСТИ

Забрзано се уредува коритото на Крива Река

Младоженци доаѓаат да се фотографираат во рајот во Марена

**Оставете коментар за објавената вест**

Од кого:

Коментар:

*Внесете го кодот во празното поле

1102

КОМЕНТИРАЈ




АНТЕНА




ПУБЛИКА




ЗДРАВЈЕ

© 2006 - 2013 Дневник Сите права задржани Powered by Nextsense webBuilder XML